РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 03-232/3
02.03. 2022 год.
Валандово

Друштво за градежништво, трговија и услуги
ЕВРОГРАДБА-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ
Бр. 03-41/3
02.03. 2022 год.
с.Владиевци Василево

Врз основа на член 119 став 1, точка 3 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ" бр.24/19 и „Службен весник на РСМ" бр.87/21), член 16 и член 91 од Договорот за јавна набавка со број на договорниот орган 03-639/10 од 02.09.2021 година и број на носителот на набавката 03-167/1 од 02.09.2021 година и анекс на договор со број на договорниот орган 05-639/12 од 02.12.2021 година и број на носителот на набавката 03-231/1 од 02.12.2021 година, со предмет на набавката: Изградба и санација на тротоари на улица "Моша Пијаде" во Валандово по Барање на Носителот на набавката бр.01-40/1 од 01.03.2022 година договорните страни

1. **Општина Валандово**, ул. ,,Иво Лола Рибар,, бб, Валандово, со ЕДБ 4003008500464 и ЕМБС 6381871, застапувана од Перо Костадинов, Градоначалник на Општина Валандово, како „Договорен орган-Инвеститор" и

2. **Друштво за градежништво, трговија и услуги ЕВРОГРАДБА-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ** с.Владиевци бр.23, Василево, ЕДБ 4039011500534 и ЕМБС 6716547, ж-ска 270067165470103 застапувано од Управителот Игорчо Лазаров, како „Носител на набавката-Изведувач", вршат

# И З М Е Н А
## на Договор за јавна набавка во текот на неговата важност

Член 1

Поради задоцнување со испорака на стока (плочи од вештачки камен, тип Терастон) како и лошите временски услови, околности кои договорниот орган не можел да ги предвиди и суштински не ја менуваат природата на договорот за јавна набавка, а поради кои носителот на набавката е спречен со реализација на договорот, се врши измена во член 12 од Договорот за јавна набавка со број на договорниот орган 03-639/10 од 02.09.2021 година и број на носителот на набавката 03-167/1 од 02.09.2021 година и анекс на договор со број на договорниот орган 05-639/12 од 02.12.2021 година и број на носителот на набавката 03-231/1 од 02.12.2021 година, со тоа што се продолжува рокот за завршување на работите за 2 (два) месеци.

Член 2

Останатите одредби од Договорот остануваат непроменети.

Член 3

Овој Договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои секоја страна задржува по 3 (три) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

Договорен орган
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Градоначалник
Перо Костадинов

Носител на набавката
ДГТУ ЕВРОГРАДБА-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ
с.Владиевци, Василево
Управител
Игорчо Лазаров